| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА НОВА ТРАСА НА ОБИКОЛНИЦА НА ТЕТОВО ПРЕКУ КЛУЧКА „ТРЕБОШ“ ДО НЕПРОШТЕНО - ФАЗА 1 |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ “МАКЕДОНИЈА” А.Д. - Скопје, |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски на РСМ |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Планер подписник::<br>• Анче Толевска, диа овластување бр. 0.0102<br><br>Планери<br>• Катерина Николовска, дипл.инж.арх<br>Соработници<br>• Владимир Арсовски,дипл.инж.арх.<br>• Елена Спасеска, м-р. инж.арх |
| Назив на работното место | Планери и Соработници |
| Контакт податоци за лицето | ул. Дрезденска бр.52, Скопје<br>075 406 062 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Основа за изработка на предметната урбанистичка документација се одредбите Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 32/20), Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), Проектна програма изработена од ЈП за државни патишта со бр. 08-4252/4 од 21.04.2021 година, Одобрената Проектна програма изработена со проектната задача финансирана од Инвеститорот со бр. 37-247/2 од 12.01.2023 година, Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Р Македонија бр. Y27821 и Решението за донесување на Условите за планирање на просторот бр. УП1-15-1868/2022. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| / |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Не |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 2, точка 1). |

| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |
|---|---|---|---|

| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
|---|
| Не |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Не |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Целта на донесувањето на овој плански документ е да се овозможи изградба на обиколницата во рамките на предвидениот опфат со користење на постоечки пат кој делумно е асфалтиран, а делумно поминува по постоечки земјани патишта, преку која ќе се овозможи пренасочување на тешките товарни возила, како и транзитниот сообраќај од Косово кон Гостивар, Кичево и Охрид, Г.П. Ќафасан, кои ги користат сообраќајниците во Тетово кон државниот пат А2 (автопатска делница Скопје-Тетово). Се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.<br><br>Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нова траса на обиколница на Тетово преку клучка „Требош“ до Непроштено - фаза 1, е со должина од 5.5 км. |
| Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |

Планирање на просторот

Периодот за донесување на планскиот документ.

/

Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?

Не

Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).




Просторот на кој е планирана обиколницата Тетово е во општина Тетово, општина Теарце и општина Желино.

Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да ☒
Не ☐

Дали е приложена копија од целите?

Да ☐
Не ☒

Резиме на влијанијата врз животната средина

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на оваа предметна документација, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативните влијанија. Влијанијата се следни:

- Изградбата на обиколница за Тетово преку клучката „Требош“ до Непроштено, во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- Со изградба на обиколница за Тетово преку клучката „Требош“ до Непроштено, ќе има и негативни влијанија врз животната средина, во текот на подготвителните активности заради реализацијата на земјените работи и употреба на градежна механизација. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (нарушување на квалитетот на воздухот од емисии на издувни гасови и прашина, можни негативни влијанија врз почвата и подземните води (директни и индиректни), емисии на бучава и вибрации, генериран отпад (доколку не се постапува соодветно) и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.
- Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се нарушување на квалитетот на воздухот од емисии на издувни гасови, зголемени нивоа на бучава и вибрации, влијанија врз флората и фауната, евентуално генериран отпад (доколку не се постапува соодветно). Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Планскиот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Просторот кој е предмет на разработка за изградба на обиколница за Тетово преку клучката „Требош“ до Непроштено, КО Непроштено вон гр., КО Порој вон гр, КО Требош вон гр, КО Џепчиште вон гр и КО Тетово вон гр, Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на планската документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на планска документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволна оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата | Просторот кој е предмет на изготвување на оваа планска документација е со намена Е1 – сообраќајна инфраструктура.<br>Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпадни води, отпад, бучава, вибрации, евентуални несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни краткорочни влијанија. |

<table>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Кумулативната природа на влијанијата може да се разгледува во однос на одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата</td><td>Нема</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)</td><td>Со проектното решение можните ризици од несреќи се сведени на минимум, бидејќи ќе се подобрат условите на сообраќајот, на веќе постоечки пат кој делумно е асфалтиран, а делумно поминува по постоечки земјани патишта.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)</td><td>Урбанистичкиот проект поминува во три Општини;<br>Општина Тетово со површина од 261,89 км$^2$ и 84770 жители<br>Општина Теарце со површина од 136,55 км$^2$ и 17.694 жители<br>Општина Желино со површина од 201,04 км$^2$ и 18.988 жители</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со планскиот документ ќе се добие позитивен ефект во контекст на економските и социјалните влијанија. Ќе се овозможи валоризација и афирмација на просторот и задоволување на потребите на жителите кои се опфатени од овие урбани заедници.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Со изградба на планираната обиколница ќе се овозможи подобар економски развој на ова подрачје.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Нема културно наследство</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Нема да има значителни влијанија врз квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Земјиштето е веќе изградено со постоечки асфалтиран пат кој се поврзува со Р1203 и постоечки земјани патишта</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.</td><td>Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Во рамки на проектниот документ се предвидува изградба на обиколница на Тетово со намена Е1- сообраќајна инфраструктура.</td></tr>
</table>

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Почетокот на трасата на обиколницата започнува на стационажа km 0+000,00 каде се поврзува со кружен тек, кој со посебни краци е поврзан со постоечки алтернативен пат и Автопатот А2 Скопје - Тетово. Трасата на обиколницата во најголем дел го следи постоечкиот асфалтен пат до стационажа km 2+750,00, освен на одредени делови каде за да се избегне рушење на постоечки објекти напуштено е следењето на постоечкиот асфалтен пат. На останатиот дел трасата се води врз постоечки земјен пат. На стационажа km 3+540,00 од трасата поставен е кружен тек со крак од десната страна кој се поврзува со постоечки земјен пат и крак од лева страна на трасата кој води во село Џепчиште. На стационажа km 4+231,77 трасата се вкрстува со постојна пруга преку новопланиран надвозник. Крајот на трасата завршува со вкрстување со постојниот Регионален пат Р1203, на стационажа km 5+500,00, каде врската е обезбедена преку кружен тек.

Со изградбата на обиколницата ќе се пренасочат тешките товарни возила, како и транзитниот сообраќај од Косово кон Гостивар, Кичево и Охрид, Г.П. Ќафасан кои ги користат сообраќајниците во Тетово и ќе има најголемо позитивно влијание врз животната средина во градот Тетово.

Анализите на начинот на изведба, активностите кои би се одвивале во текот на изградбата на обиколница за Тетово преку клучката „Требош" до Непроштено КО Непроштено ван гр., КО Порој ван гр, КО Требош ван гр, КО Џепчиште ван гр и КО Тетово ван гр, Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино, и активностите кои би се превземале во насока на одржување во текот на експлоатациониот период, овозможуваат утврдување на изворот на евентуалните негативни влијанија врз животната средина во текот на двете фази.

Во периодот на рехабилитацијата на патот, земјаните активности ќе бидат главен извор на негативно влијание врз животната средина. Во оваа фаза се вклучени следните активности:

– *Подготвителни активности*: во кои се вбројуваат расчистување на локацијата, отстранување на вегетацијата и подготовка на тлото;
– *Градежни активности*: во кои се вбројуваат земјаните активности (усеци, насипи, ископи или набивање на земјиштето и др.) и истите се однесуваат на сите елементи на изведба.

Времените објекти (кампови) кои би служеле како место во кое би престојувале работниците во периодот на извршување и спроведување на активностите, исто така претставуваат потенцијален извор на загадување на животната средина.

Во тек на експлоатациониот период, редовните активности и активностите кои се превземаат во интервентни случаи (инспекција, поправки, замена на делови и сл.) би можеле да имаат негативно влијание врз животната средина.

На 700 m од почетокот на трасата поминува реката Пена, а завршетокот на трасата е кај селото Непроштено, кое се наоѓа на подножјето на Шар Планина, меѓутоа проектните активности се на доволна оддалеченост од овие зони, заради што не се очекувани значителни влијанија. Не постојат области на или околу локалитетот, кои се заштитени со меѓународно, национално или локално законодавство поради нивните еколошки, пределски, културни или други вредности, а кои би можеле да бидат засегнати од проектот. Не постојат области на или околу локалитетот што ги користат заштитени, важни или чувствителни видови на фауна и флора. Дел од трасата минува во втората заштитна зона, а дел во третата заштитна зона на изворот Рашче, каде во Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ (Службен весник на РСМ на 5 јануари 2021 год.), набројани се дејности и активности кои не треба да се извршуваат во заштитните зони. Меѓу набројаните дејности и активности не се вбројува изградба на државен/регионален пат. Исто така, согласно постоечкиот „Просторен план на регионот на заштитените зони на изворот Рашче", предвидени се заштитни мерки потребни за развој на различни сектори, како и при превземање на градежни активности за изградба на патишта како во овој случај. Соодветни заштитни мерки ќе бидат разработени на ниво на потребна проектна документација која ќе се наложи од страна на МЖСПП (Студија за оцена на влијанијата врз животната средина или Елаборат за заштита на животната средина). На локацијата нема идентификувани водотеци за кои треба да се предвидат мерки од аспект на заштита на водите. Околу локацијата има живеалишта и обработливо земјоделско земјиште, меѓутоа обиколницата ќе се гради на веќе постоечки асфалтен/земјен пат кој го користи околното население, заради што не се очекувани значителни влијанија врз истите.

| |
|---|
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**<br>Реализацијата на планскиот документ ќе доведе до делумно зголемена фреквенција на луѓе и сообраќај, зголемена бучава и ќе се продуцира зголемено количество отпад, но воедно ќе се намали аерозагадувањето (Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино) со пренасочување на сообраќајот надвор од населените места. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Условите за планирање претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Р. Македонија.<br><br>Предметната локација, влегува во II и III заштитна зона на изворот Рашче. За Заштитните зони на изворот Рашче направена е анализа на територијата на втората и третата заштитна зона на изворот, при што со анализа на природните фактори опфатен е просторот на целокупното сливно подрачје. Во планската документација се предвидени мерки во согласност со пропишаните мерки за заштита. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>Во рамки на планскиот документ се предвидува изградба на објекти со намена<br>**Е1- Сообраќајна инфраструктура**<br><br>Влијанието кое ќе произлезе од планираната обиколница е важно за вклопување на планскиот документ со Просторниот план на Република Македонија. Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба, но не гледаме потреба истите да подлежат на нови оценувања. Доколку при изработка на план од повисоко ниво пр. Урбанистички план вон населено место се одлучи дека има потреба од оцена на ова подрачје, тогаш при наредната разработка на планска документација ќе се спроведе одлуката од надлежната институција. |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Министер<br>Благој Бочварски |
| **Датум:** арх.бр. 07-2497/8 ~~2023~~ **година**<br>**Место: Скопје** 02.03.2023 | **М.П.** |